34/2001
Бр. 0803-1/7
0 1 -06- 2001

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Инв. Бр. 1/17

# *ОБРАЗОВЕН ПРОФИЛ*

# *ПОМОШНИК КОНФЕКЦИОНЕР*

**Скопје, април 2001 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1 Назив на струката:** текстилна

**1.2. Назив на образовниот профил:** помошник конфекционер

**1.3. Времетраење на образованието:** три години
за двегодишно образование

**1.4. Опфатени образовни профили:**

| **Ред. бр.** | **И м е** |
|---|---|
| 1. | помошник шивач |
| 2. | помошник во доработка на облеката |

# 3. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ НА КОИ СЕ ГРАДИ ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ (ПРЕДУСЛОВИ И БАРАЊА)

## 3.1. Влез

**3.1.1. Основен влез:** завршено основно образование

**3.1.2. Дополнителни влезови:** под посебни услови согласно Законот.

## 3.2. Инфраструктура на образовниот профил

### 3.2.1. Место на реализација и глобални услови

Реализацијата на воспитно-образовниот процес се одвива во училиштето: во училници, кабинети, специјализирани училници, училишни работилници, трговски друштва од текстилна дејност за производство на облека и опрема за домаќинствата.

### 3.2.2. Начин на реализација

Воспитно-образовната работа се реализира преку предавања, практични вежби, демонстрации, домашни задачи, индивидуално или тимски, а практичната настава е под надзор на инструктори и ментори.

### 3.2.3. Опрема и наставно-технички средства и помагала

Во текот на воспитно-образовната работа се користат следните наставни средства: компјутери, аудио и видеотехника, графичка техника, шеми, слики, скици, пропаганден материјал.

Работилниците во рамките на училиштето се опремени со маси за кроење, машини за шиење, пегли, комплет прибор и алати и др. Доколку не постојат такви услови, практичната настава се изведува во трговски друштва од текстилната дејност под водство на инструктор или ментор.

# 4. ОПИС НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

## 4.1. Попис на работните задачи

По завршувањето на средното стручно образование и обука, образовниот профил ***помошник конфекционер*** ги извршува следните работни задачи:

- подготвување на текстилните материјали за кроење;
- транспортирање на искроените делови;
- шиење на постелнина, разни апликации, делови од облеката, опрема за домаќинство;
- чистење на конци;
- етикетирање, пакување и транспортирање;
- грижа за хигиено-техничката заштита;
- грижа за заштита на животната средина.

## 4.2. Подрачја на работа

Основните подрачја на работа на образовниот профил ***помошник конфекционер*** се во:

***одделението за кроење***

- транспортирање на основниот и помошниот материјал;
- транспортирање на искроените делови до одделението за шиење;

***одделението за шиење***

- изработка на едноставни прави операции;

***одделението за доработка***

- чистење на конци;
- делење по величини и бои (сортирање);
- пакување;
- транспортирање.

## 4.3. Општи способности

Општите способности на образовниот профил помошник конфекционер се:

- одговорност во работата во рамките на своите можности;
- смисла за елементарна комуникација;
- елементарна самокритичност;

- способност за тимска работа;
- индивидуална работа во рамките на индивидуалните можности;
- флексибилност во рамките на индивидуалните можности;
- едноставни просторни односи и пропорции;
- временско и просторно ориентирање;
- брзо реагирање на светлосни сигнали;
- чувство за безбедност.

### 4.4. Стручни способности

Образовниот профил помошник конфекционер треба:
- да има визуелна претстава за формата на изработените предмети;
- да ги подготвува материјалите за работа;
- да го одржува алатот и приборот за работа;
- да ја одржува хигиената на работното место;
- да пакува и транспортира конфекциски производи;
- да користи хигиено-технички заштитни средства.

## 5. ЦЕЛИ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

### 5.1 Општообразовни цели

По завршувањео на средното стручно образование образовниот профил ***помошник конфекционер*** ги користи знаењата и вештините од мајчиниот јазик за усно и писмено комуницирање во рамките на своите можности. Поседува елементарни знаења од математиката кои се потребни за совладување на стручното образование. Поседува основни социјални вештини од предметот граѓани за демократија.

### 5.2. Стручнообразовни цели

По завршувањето на средното стручно образование и обука образовниот профил ***помошник конфекционер*** поседува:

#### 5.2.1. Знаења ( когнитивно однесување)

- да ги препознава текстилните материјали;
- да го одржува алатот и приборот;
- да ги применува знаењата од заштита при работа.

#### 5.2.2. Умеења (психомоторно однесување):

- да ги одржува алатите во исправна состојба;
- да ја одржува хигената на работното место;
- да воспоставува комуникација во работната средина во рамките на своите можности.

**5.2.3. Ставови (афективно однесување)**

**а) Однос кон работата и средствата за работа:**

- покажува позитивен однос кон работата и средствата за работа;
- го чува алатот, приборот и апаратите;
- одржува хигиена на работното место;
- применува соодветни хигиено - технички заштитни средства;
- го почитува работното време.

**б) Однос кон соработниците и клиентите:**

- воспоставува систем на ефикасна и ефективна комуникација во рамките на своите можности.

**в) Однос кон претпоставените**

- ја почитува хиерархијата во трговските друштва од текстилната дејност;
- има самоконтрола во однесувањето во рамките на индивидуалните можности;
- има позитивен однос кон работата и соработниците.

## 6. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 6.1. Содржина на образованието

Според ***Анексот на Курикулумот за текстилнатА струка***, содржините во наставните програми по предметите од подрачјето **општо образование** (*мајчин јазик и литература со комуникации, математика и граѓани за демократија*) овозможуваат кај ученикот да се развива општата култура.

Во програмското подрачје **Стручно образование** застапени се наставните предмети: ***технологија на текстилот, текстилни суровини, технологија на конфекционирање.***

Преку содржините од наставниот предмет ***технологија на текстилот*** кој е застапен во прва година со 4 часа неделен фонд, ученикот се воведува во основите на текстилното производство, со што стекнува основни познавања за технологијата на предење, ткаење и неткаен текстил.

Наставниот предмет ***текстилни суровини*** е застапен во прва со 3 и втора година со по 2 часа неделен фонд. Содржините на наставната програма овозможуваат ученикот да се запознае со природата, својствата, идентификацијата и примената на природните и хемиските влакна.

Преку содржините на наставната програма по предметот ***технологија на конфекционирање*** кој е застапен во втора со 2 и трета година со 3 часа неделен фонд, ученикот се запознава со основните и помошните материјали за конфекционирање и машините за шиење.

Програмското подрачје **практична обука** е застапено преку ***практична настава***, и тоа: во прва со 8, во втора со 13 и во трета година со 17 часа неделен фонд. Преку наставните содржини ученикот се запознава во:

**прва година**-со предивата, постапките за премотување и машината за плетење, рачните бодови, обичната машина за шиење;
**втора година**-со мерките за различни конфекциски производи, подготовка на машината за шиење, шиење на едноставни операции;
**трета година**-со одржување на машинскиот парк (чистење и подмачкување), шиење на Одделни делови од облеката (манжетни, џебови, постелнина и опрема за домаќинствата, апликации и др.).

Наставните предмети се структуирани според педагошко-психолошките принципи на последователност, меѓусебна логичка поврзаност од што произлегува логичката последователност на учењето.

## 6.2. Методи на образовниот процес

Согласно целите на наставните предмети за образовниот профил ***помошник конфекционер*** се применуваат следните наставни методи: фронтална, демонстрација, активна демонстрација на наставникот, индивидуално и работа во групи, гледање на видеоснимки и др.

## 6.3. Активности (на учениците и наставниците) во образовниот процес

Целокупниот воспитно-образовен процес за овие ученици, пред сé, се потпира на нагледност, бидејќи нивното мислење е на конкретно ниво. Од тие причини набљудувањето има посебно значење во наставата. Исто така, тие прибележуваат, читаат, ги применуваат стекнатите знаења за релации, учат во рамките на своите можности, изработуваат домашни задачи, посетуваат трговски друштва од текстилната дејност, изработуваат едноставни операции значајни за нивното стручно оспособување и сл.

Во текот на воспитно-образовната работа ***наставниците*** ги преземаат следните активности: објаснуваат, демонстрираат, пишуваат и цртаат на табла, читаат, поставуваат прашања, опишуваат, даваат упатства, споредуваат, ***мотивираат***, инструираат и сл.

## 6.4. Наставни средства и помагала

Во отсуство на посебни учебници, наставниците треба да подготвуваат прилагодени наставни материјали што произлегуваат од соодветните учебници за струката. Најголемото прилагодување се однесува на јазикот и стилот со вешто избегнување на апстрактните поими. Исто така, треба да користат практикуми и дневници за практична настава и вежби.

## 6.5. Организациски облици на наставата

Основните организациски облици на наставата се определени со ***Концепцијата на средните стручни училишта за хендикепирани ученици.***

### 6.6. Обем на потребното наставно време

Вкупно наставни часови: **2412** часа за три учебни години
Општо образование: **540** часа **(22%)**
Стручно образование **1872** часа **( 78%)**
- стручно-теоретско образование: 504 часа (18%)
- практична обука: 1368 часа (57%).

### 6.7. Организација на времето

**а) Целогодишна организација (континуиран распоред)**

Воспитно-образовната работа за овој профил е определена со училишниот курикулум. Истата се реализира континуирано во две полугодија за учебна година, во текот на 3 учебни години.

**б) Периодична организација**______________________________

### 6.8. Наставен план

Наставниот план за образовниот профил **помошник конфекционер** е во прилог на овој документ.

## 7. ОЦЕНУВАЊЕ

Постигањата на учениците се проверуваат усно, писмено и практично, но притоа се имаат предвид нивните можности за учење со оглед на природата на нивниот хендикеп.

## 8. ДОКУМЕНТИ

### 8.1.Сертификати:

- Свидетелства за секоја успешно завршена година;
- Уверение за стручна оспособеност.

## 9. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

**9.1. Датум на изработката:** април 2001 година
**9.2. Институција- носител на изработката**: Биро за развој на образованието - Скопје.

**9.4. Состав на работната група:**

1. Невена Пачемска, раководител - Биро за развој на образованието, советник за специјално образование - Скопје;

2. Р атка Јаневска - Биро за развој на образованието, советник за текстилна струка - Скопје;
3. Дивна Видиниќ -„Св. Наум Охридски" - наставник, текстилен инженер, Скопје;
4. Петре Арсов - УССО „Искра" , наставник, текстилен инженер - Штип;
5. Ангел Дончевски, Конфекција МАВИС, сопственик на фирмата, Штип.

## 10. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

**Датум на започнување:** 1.09.2001 година

## 11. ОДОБРУВАЊЕ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОФИЛ

Образовниот профил помошник конфекционер го донесе: ________ ________________________________________________ со решение број ______________од________________ година.

**Прилог**

# НАСТАВЕН ПЛАН

**Струка:** текстилна
**Образовен профил:** помошник конфекционер
**Занимање:** помошник на шивачот на текстил
**Времетраење на образованието:** три години
за двегодишно образование

| | | I | | II | | III | | Застапеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нед | год | нед | год | нед | год | I-III година |
| *1.* | ***Општо образование*** | ***5*** | ***180*** | ***6*** | ***216*** | ***4*** | ***144*** | ***540часа 22%*** |
| 1.1. | Мајчин јазик и литература со комуникации | 3 | 108 | 2 | 72 | 2 | 72 | |
| 1.2. | Граѓани за демократија | | | 2 | 72 | 2 | 72 | |
| 1.3. | Математика | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | |
| *2.* | ***Стручно образование*** | ***7*** | ***252*** | ***4*** | ***144*** | ***3*** | ***108*** | ***504 часа 21%*** |
| 2.1. | Технологија на текстилот | 4 | 144 | - | - | - | - | |
| 2.2. | Текстилни суровини | 3 | 108 | 2 | 72 | - | - | |
| 2.3. | Технологија на конфекционирање | - | - | 2 | 72 | 3 | 108 | |
| *3.* | ***Практична обука*** | ***8*** | ***288*** | ***13*** | ***468*** | ***17*** | ***612*** | ***1368 часа 57%*** |
| 3.1. | Практична настава | 8 | 288 | 13 | 468 | 17 | 612 | |
| | ***ВКУПНО ЧАСОВИ (1+2+3)*** | **20** | **720** | **23** | **828** | **24** | **828** | **2412часа 100%** |
| *4.* | ***Задолжителни активности*** | | | | | | | |
| 4.1. | Спорт и спортски активности | - | 72 | - | 72 | - | 72 | |
| 4.2. | Активности од бласта на културата | - | 72 | - | - | - | - | |
| *5.* | ***Факултативна настава*** | | | | | | | |
| *6.* | ***Слободни часови на училиштето*** | | до 72 | | до 72 | | до 72 | |
| 6.1. | | | | | | | | |
| 6.2. | | | | | | | | |
| 6.3. | | | | | | | | |